**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-547/9**
**Скопје, 27.10.2006 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ДЕБАР**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Фондот за локални патишта на општина Дебар за 2005 година, кои се прикажани на страните од 3 до 4 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа , член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Фондот за локални патишта на општина Дебар, за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Бардуљ Колари-Директор од 01.01.2005 до 12.05.2005 година, и
- Решат Ќормемети-Директор од 12.05.2005 до 23.06.2005 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 2 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 20.07. 2006 до 20.07.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Лилјана Стојанова - Помошник на ГДР и овластен државен ревизор;
- Петре Гаврилов - Виш ревизор;
- Лила Зафировска - Виш ревизор и
- Бљерта Селмани - Помлад ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Според наше мислење финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Фондот за локални патишта на општина Дебар на ден 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

11. Според наше мислење, кај Фондот за локални патишта на општина Дебар остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

**Скопје, 23.10. 2006 година**

**ФОНД ЗА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ НА ОПШТИНА ДЕБАР**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1. | 66 | 252 |
| Трансфери и донации | 3.2. | 51 | 3,807 |
| **Вкупно приходи** | | **117** | **4,059** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.4.1. | 75 | 1,342 |
| Стоки и услуги | 3.4.2. | 42 | 563 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **117** | **1,905** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.5.1. | 0 | 2,106 |
| **Вкупно расходи** | | **117** | **4,011** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **0** | **48** |

**ФОНД ЗА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ НА ОПШТИНА ДЕБАР**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | | 0 | 51 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 797 | 270 |
| **Вкупно тековни средства** | | **797** | **321** |
| **Вкупна актива** | | **797** | **321** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.2.1. | 797 | 273 |
| Пасивни временски разграничувања | | 0 | 48 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **797** | **321** |
| **Вкупна пасива** | | **797** | **321** |